**Известување за концентрација со која Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд. Кина, стекнува контрола над субјектите кои припаѓаат на одделот за автомобилски кабелски решенија на ЛЕОНИ АГ, Германија, и со која Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд. Кина со Л2- Бетајлингунгс ГмбХ, Германија ќе стекнат заедничка контрола над ЛЕОНИ АГ, Германија, (предмет бр. 08-142/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и 208/24), на ден 21.10.2024 година, а дополнето на 28.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд. (Luxshare Precision Industry Co., Ltd.), со регистрирано седиште Ф, Блок А, Санјанг нова индустриска зона, Западен Хаоји, улица Шаџинг, Округ Баоан, Шенжен, Кина, има намера да стекне контрола над субјектите кои припаѓаат на одделот за автомобилски кабелски решенија на ЛЕОНИ АГ (LEONI AG), со регистрирано седиште на Мариенштрасе 7, 90402 Нирнберг, Германија, и заедничка контрола од страна на Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд и Л2-Бетајлингунгс ГмбХ, со регистрирано седиште на Мариенштрасе 7, 90402, Нирнберг, Германија, над ЛЕОНИ АГ, со регистрирано седиште на Мариенштрассе 7, 90402 Нирнберг, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд.** е основан во 2004 година, Луксшер котира на берзата ChiNext Шенжен во 2010 година (код на берза: 002475). Луксшер е поврзано со истражување и развој (R&D), производство и продажба на производи во полето на, помеѓу останатото, електроника за потрошувачи, комуникации и дата центри, автомобилска електроника и здравствена заштита. Производите и бизнисите се разноврсни и вертикално интегрирани, а опфаќаат компоненти, модули и склопување на системи.

**Луксшер Пресижн Индустри Ко., Лтд** нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено приходи во Северна Македонија во 2023 година.

**Л2-Бетајлингунгс ГмбХ** е зависно друштво на **Пирер Концернгезелшафт** (Pierer Konzerngesellschaft; „**ПКГ**"), кое е во целосна сопственост на г. Пирер.

**Пирер Концернгезелшафт** ги поседува сите акции во ПИРЕР Индустрие АГ (PIERER Industrie AG; „**ПИАГ**"), глобална индустриска инвестициска групација активна во производство и дистрибуција на мотоцикли, електрични велосипеди и компоненти за моторни возила на две тркала, развојот, производството, одржувањето и дистрибуцијата на високотехнолошки механички системи за динамични компоненти за трки, луксузни автомобили и аеронаутика; и производство на сопирачки, пумпи и компоненти на мотор кои се ефикасни во намалувањето на емисиите на $CO2$.

ПИРЕР Индустрие АГ е акционерско друштво основано според австрискиот закон, со седиште во Велс, Австрија.

**Пирер** нема регистрирано присуство во Северна Македонија и има остварено само минимален приход во Северна Македонија во 2023 година.

**ЛЕОНИ АГ** е глобален снабдувач на производи, решенија и услуги за управување со енергија и податоци во автомобилската индустрија.

ЛЕОНИ АГ и неговите зависни друштва вработуваат околу 95.000 луѓе во 26 држави.

ЛЕОНИ АГ нема регистрирано присуство во Северна Македонија и има остварено само минимален приход во Северна Македонија во 2023 година.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.11.2024 година
Скопје